# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јули 2007 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да ја започнеме седницата.

Уште еднагш ги повикувам пратениците да влезат во салата, започнуваме со работа.

Продолжуваме со работа по 57-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Али Ахмети, Радмила Шекеринска, Цветанка Иванова, Андреј Жерновски, Роза Топузова Каревска, Игор Ивановски, Флора Кадриу, Фазли Велију, Селвије Салију, Мирјана Секуловска, Абдулади Вејсели и Есад Рахиќ, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со процедуралните забелешки.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете вашите три минути.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, вчера во мешаницата од читањето не ве чув или можеби не чув, можеби ненамерно пропуштивте.

Имено, според Деловникот во член 187 измените на Деловникот или постапката за донесување на Деловникот се применуваат одредбите што се однесуваат на поднесување и претресување на закони.

Од друга страна, според Уставот член 66 - Собранието донесува Деловник со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и во амандманот 10 кој го измени членот 69 од Уставот, за закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи, употребата на симболите, одлучува со мнозинство гласови при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Вие не прочитавте дека Деловникот се носи со двојно мнозинство или со Бадентер. Дали е тоа пропуст или ако не го имате тоа во сценариото, согласно член 76 од Деловникот за работа, барам поддршка од 10 пратеници да се врати на Комитетот за односи меѓу заедниците, бидејќи тој е единствен кој ќе реши во спорот во врска со примената на оваа одредба.

Членот 3 од предложениот Деловник ја третира употребата на јазикот, бидејќи Деловникот, согласно член 187, го прочитав, е закон и уставно е дефиниран со член 66, барам, ако вие не сте го пропуштиле тоа, Комитетот за односи меѓу заедниците да одлучува дали Деловникот ќе се донесе со Бадентер или не. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи е ова покомплексно прашање, јас би побарал да се консултирам со Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања, потоа би ги замолил координаторите за 15-сет минутна координација.

Половина час пауза.

(Пратениците отидоа на пауза во 11,12 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,10)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со седницата.

Дами и господа пратеници, по извршената координација, договорено е седницата да тече и во текот на расправата која е на дневен ред. Јас се консултирам со соодветните комисии.

Според тоа, дозволете ми сега да ја продолжам седницата.

Пак процедурална интервенција, на ред е господинот Павле Трајанов, вашите три минути.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас ќе зборувам на македонски јазик, согласно амандман 5, но и член 3 од Деловникот и се надевам дека овој член во Деловникот ќе го изоставиме од Предлог текстот, бидејќи ова прашање, по се изгледа, дека треба да се решава со закон, согласно уставните амандмани, а не да се става во Деловник.

Значи, прашањето на употребата на јазикот не е деловничко прашање, туку прашање кое треба да се уреди со закон.

Инаку, мојата деловничка интервенција е согласно член 187 од Деловникот. Бидејќи овде беше изнесено дека овој Предлог деловник е резултат на некаков договор, мислам дека предлагачи на овој Деловник се пратеници и дека тоа е легитимно право да предлагаат. Што е најбитно, уште кога се конституираше овој парламентарен состав сите бевме убедени дека Деловникот треба да се менува и јас стојам зад тоа дека треба да се менува поради тоа што треба да се зголеми ефикасноста на работата на Парламентот, треба да се зголеми ...

**Љубиша Георгиевски:** Држете се до процедурата, ве молам, ова ви е прва дигресија.

**Павле Трајанов:** Значи, треба да се зголеми ефикасноста, одговорноста на пратениците, но треба д аобезбедиме механизам за вреднување на сите оние кои овде настапуваат дали ние активно учествуваме и квалитетно ги подобруваме законските проекти.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Трајанов држете се до процедурата, ве молам.

**Павле Трајанов:** Ќе дојдам до процедурата, бидејќи не може процедурата да се искаже без да се даде вовед.

Јас Ќе ги користам моите три минути.

Тоа значи дека ние треба да расправаме по предложениот Деловник и до колку има укажувања, забелешки, сугестии, тогаш треба предлагачот да постапи, а има два начини. Или овој Деловник да оди во две фази за да бидат вградени забелешките од пратениците или предлагачот по расправата да предложи измена на текстот преку амандмани кои ќе станат составен дел на Деловникот.

Мојата интенција и мојата сугестија, мојата деловничка забелешка е да се расправа како да оди овој Деловник во две фази. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас вчера процедурално се обидов да дадам еден предлог премиерот да дојде за да може расправата да добие поинаков ток, но не успеавме и затоа, согласно членот 76, почитуван претседателе, би ви препорачал да го искористите правото да ја одложиме оваа седница, бидејќи неподелено е мислењето дека состојбите во Република Македонија драматично се влошуваат.

Напуштањето на седницата од страна на ДУИ, изјавата што ја даде вчера заменик координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ господинот Вељановски вчера рече дека состојбата станува нездрава. Тие се всушност оние кои ја предизвикаа оваа политичка тензија и криза.

Вие почитуван претседателе, како претставник на највисокиот претставнички дом, ккао прв меѓу еднаквите имате можност работите да ги вратиме во еден нормален, демократски тек.

Средбата на премиерот со Солана е во тек, во 17,00 часот е средбата со комесарот Оли Рен, денеска Република Македонија ќе добие уште едно предупредување дека заедно со Косово и Албанија...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам држете се до процедурата...

**Владо Бучковски:** Јас ги кажувам аргументите почитуван претседателе зошто треба да гласаме за одлагање на оваа седница, зошто треба премиерот да дојде овде и господинот Ахмети да ни објаснат кои беа мотивите на овој начин да го стават Собранието пред свршен чин. Во последната Резолуција од Европскиот парламент, веќе да не се спомнуваат нивните имиња, туку да се спомнува Парламентот, да се спомнува власта и опозицијата и да се посочува дека мора да има демократски правила на игра. Ако има демократски правила на игра, тоа значи дека однапред треба да знаеме што е целта на овој договор. Ве предупредувам, вие сте еден од главните виновници зошто дојде до ова. Под импресија на завчера завршената хоп Америка, ќе ви кажам со фудбалски речник како тоа ви го кажа фудбалскиот судија Оли Рен. На предупредувањето од ДУИ дека на времето ви мавтаа за прекршување на Уставот и велеа судија фаул, вие велевте предност.

Понатаму, даваа гол пратениците од ВМРО-ДПМНЕ од офсајд, ДУИ велеше не бива работата офсајд е, вие велевте играјте. На крајот господине претседателе (му упаѓа претседателот во збор) Европскиот парламент го поништи резултатот, победи 3:0 службено ДУИ, изгуби Парламентот.

Ваша должност е не да ме прекинувате, туку да бидете малку посериозен, Македонија влегува во длабока политичка криза. Еден од најголемите виновници е ВМРО-ДПМНЕ. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, претседателот на Владата, треба да собере храброст и да се соочи со нас, да ни каже зошто е за Република Македонија добро да донесеме ваков Деловник јас прв ќе гласам за ваков Деловник, но, пред се, ќе гласам за употребата на албанскиот јазик од граѓаните Албанци, не од пратениците. Вие ако внимавате, пратениците ако сакаат со нас да се разберат ни говорат македонски, треба да видиме дали имаме механизам граѓаните Албанци кога се обраќаат на институциите во Република Македонија се почитува Уставниот Закон, амандманите и Охридскиот рамковен договор.

(Претседателот му упаѓа во збор затоа што се изминати три минути).

Кога тоа ќе го обезбедите претседателе може да разговараме, а не да ме прекинувате, барам, бидејќи 15 секунди ми упаѓавте во збор, да ја кажам поентата.

На крајот, барам поддршка од  10 пратеници за предлогот да се одложи оваа седница, да го повикаме претседателот овде, но да дојде и претседателот на ДУИ Ахмети да направиме еден џентлменски договор овде, а не во Клубот на пратениците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ако имате подршка од 10 пратеници, во ред.

(Има подршка од 10 пратеника).

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласање.

(Реакција од страна на пратениците и расправија помеѓу пратениците Бучковски и Вељановски од место).

Ве молам, ве молам, ве молам...

Пауза 15 минути.

(Пратениците отидоа на пауза во 12,22 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,36 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата затоа што продолжуваме со гласање. Затоа ги повикувам сите кои се тука да влезат во салата.

Молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Продолжуваме со седницата.

Бидејќи претходното гласање, немаше услови вистински за гласање, го ставам предлогот на господинот Бучковски на гласање и ве повикувам да гласаме.

(Реакции во салата).

Ама не, немаше услови. Јас ја прекинав работата. Јас го прекинав гласањето пред да се објават резултатите, ве молам, ве молам.

(Реакции во салата).

Да, за предлогот на господинот Владо Бучковски, оваа седница да се прекине и да се закаже нова на која ќе биде присутен и господинот премиер на Владата на Република Македонија и претседателот на ДУИ.

Ве молам, да гласаме за тој предлог.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 16, воздржано 1, против 40 пратеници.

Според тоа, констатирам дека предлогот не помина.

Дајте ми дисплеј, ве молам.

(Реакција од пратениците во смисла на кворумот).

Ве молам, извештајот на службите, имаме кворум, имаме кворум.

Има збор господин Борис Кондарко, повелете вашите три минути.

**Борис Кондарко:** Благодарам за зборот.

Претседателе, очигледно имаме повеќе проблеми во текот на водењето на денешната седница од процедурален карактер. До сега, пред јас да се јавам за збор, пратеници од опозицијата и од власта наброија барем три. Јас ќе ви набројам уште три.

Беа наброени сериозни забелешки во однос на тоа деловникот да се разгледува во две фази, да се одлучи дали ќе се гласа со Бадинтер или не за деловникот, потоа барање да дојдат претседателите на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ за да го објаснат тајниот договор.

Јас ќе ви ја кажам четвртата процедурална забелешка од вчера, бидејќи се оглушивте на членот 83, бидејќи не постапивте правилно, односно не е отворен претресот за деловникот за да може да се даде предлог од пратениците за ограничување на дискусиите на 10 минути. Барам тоа да го корегирате и да ја вратите во колосек седницата, согласно Деловникот.

Петтата забелешка е во однос, процедурална е во однос на вашата координација што сте ја имале со пратеничките групи. Таа ви е невалидна, тој договор, затоа што не може истовремено да тече и пленарната седница и работните тела да одлучуваат за овие процедурални забелешки, иако форамлно е дозволено со Деловникот, ние овде пратениците нема да знаеме за што ќе се расправа таму и што ќе биде одлучено, за да знаеме како да ја насочиме пленарната седница. Обрнете внимание и на овој момент.

И на крајот, бидејќи станува јасно дека ограничувањата на дискусиите по повод деловникот што ќе следат не се за да се замолчи опозицијата, туку повеќе се за да се прикријат лагите на премиерот за тајниот записник со господинот Ахмети, тогаш нашиот предлог ќе биде согласно членот 2 ставот 2 од Деловникот и останатите соодветни одредби од Деловникот, ако е толку таен тој договор и оваа седница да биде тајна. И, ако се страми господинот Груевски да дојде и да говори пред јавноста, тогаш негова обврска е да ги информира пратениците за тајниот договор на затворена седница на Собранието. И, ќе барам тој предлог да го ставите на гласање.

Инаку, на крајот, бидејќи СДСМ не учествуваше во тие тајни преговори и составувања на непостоечки лажни записници, според премиерот, како што рече господинот Вељаноски вчера, значи СДСМ не учествуваше во создавањето на таа нездрава атмосфера.

За тоа, одговорноста треба да си ја понесе мнозинството, Груевски и Ахмети и затоа предлагаме да видиме што е тоа нездраво, ако се срамат на отворена седница, да работиме на затворена седница за да можат пртениците...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, благодарам.

**Борис Кондарко:** ... согласно Уставот да бидат информирани, а не пред свршен чин да гласаат, да аминуваат одредби за двојазичност и за пензии на ОНА на невидено. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на пратеникот господин Борис Кондарко е оваа седница да биде тајна. По членот 2 став 3 “Работното тело може да одлучи да работи без присуство на јавноста со мнозинство од вкупниот број членови на работното тело”.

Значи, овој предлог го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на господинот Борис Кондарко, претпоставувам дека имате 10 души поддршка?

(Реакции од место).

Предлогот го ставам на гласање.

Повелете, ве повикувам да гласаме.

(Реакции од место).

Гласале 62 пратеници... (Реакции со дофрлање од место).

Ве молам тишина, ве молам тишина.

Гласале 62 пратеници, за гласале 17, воздржани нема, против 45 пратеници.

Според тоа, предлогот на господинот Кондарко не помина.

Дајте ми дисплеј.

Господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Како што милувате да слушнете, ќе зборувам согласно член 56 од Деловникот во кој што, во ствот 4 претседателот на Собранието се грижи за усогласување на активностите на Собранието со Претседателот на Републиката и со Владата.

Знаеме дека господинот Никола Груевски не преговараше во негово лично име и во името на владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ. Туку, преговараше како премиер на Владата на Република Македонија.

Затоа и овој деловник што е ставен денеска на разгледување е дело на завршените преговори помеѓу лидерот на Демократската унија за интеграција Али Ахмети и премиерот на Владата на Република Македонија.

Затоа предлагам овој договор што е склучен помеѓу двајцата лидери, односно помеѓу...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да се држите до тоа, до грижите на претседателот на Собранието, ве молам.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе...

**Љубиша Георгиевски:** Каде се грижите на Собранието, каде не се исполнети тие грижи. Држете се до таа процедурална. За сопствената ваша процедурална забелешка да се држите.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе,

Вие, како претседател на Собранието имате морална грижа на совест да побарате од премиерот на Владата на Република Македонија, додека смеете тоа да го побарате од него, договорот што е склучен помеѓу него како премиер на Владата на Република Македонија и помеѓу лидерот на Демократската унија за интеграција господинот Али Ахмети да ни биде доставен и да имаме разгледување во овој законодавен дом. Инаку, овој деловник што е ставен и што е потпишан само од пратеници од владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ, а не е потпишан од ниту еден коалиционен партнер што партиципираат во Владата на Република Македонија, сметам дека треба да биде доставен до пратенците на Република Македонија и да биде разгледан.

Затоа, сега ќе се повикам и на членот 76 од Деловникот во кој што предлагам оваа точка на дневен ред денеска да заврши тука, се со цел да се усогласат ставовите помеѓу опозицијата и позицијата, бидејќи не е својствено третата по број политичка партија во Парламентот на Република Македонија да отсуствува, а самите сте свесни...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, благодарам.

**Влатко Серафимов:** Па да завршам реченица, да не велиме дека не сте коректни.

**Љубиша Георгиевски:** А, повелете, повелете.

**Влатко Серафимов:** И, целата...

**Љубиша Георгиевски:** Не, не, јас секогаш два-три пати велам благодарам. Не ве сечам. Напротив. Ви се извинувам. Повелете.

**Влатко Серафимов:** И, сметам дека на крајот, сметам дека третата по број политичка партија во Република Македонија не е својствено да не присуствува на чинот на кој што ќе се донесе деловникот...

**Љубиша Георгиевски:** Е сега помина веќе времето.

**Влатко Серафимов:** Добро, ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам...

(Реакции од место).

Иако оваа процедурална забелешка на господинот Серафимов Влатко изобилуваше, така да речам со политички ставови, не беше чисто процедурална. Јас ја почитувам, но би сакал да кажам дека според членот 76, само што гласавме. Тоа беше по истиот член, гласавме. На тој член се однесуваше процедуралната забелешка на господинот Бучковски. Така што тоа е.

Сега, на ред доаѓа господин Ѓорѓи Оровчанец.

Но, пред да му дадам збор, повелете господине Оровчанец, би сакал да кажам, повикувајќи се пак на координација дека овде би го заклучил списокот на говорници за процедурални забелешки на моја одговорност, два дена веќе по процедура се дискутира, имаше време да се исцрпат сите работи.

(Реакции од место со дофрлања).

Не, не, знаете вие многу добро што значи на моја одговорност.

Јас имав координација и таму беше договорено.

Повелете господине Оровчанец.

(Реакции со дофрлања од место).

Повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе,

Ви се обраќам во име на членот 94, затоа што инсистирате да кажеме на кој член, меѓутоа се јавувам во интерес на мојата совест и на она што овде можам да го видам.

Гледајќи ги резултатите од гласањето што овде не беше транспарентно, на затворени врати, седницата ја следев од надвор и не можев да забележам дали некој гласа за, дали некој гласа против, дали е некој воздржан.

Според тоа, без разлика што тие резултати се прогласени за валидни и има 44 гласови, оваа математика треба да ве наведе на една мисла. И, моја сугестија е таа дека оваа бројка или оваа математика, во ова Собрание, за овој деловник не може да игра. Вие сте свесни дека деловникот е производ на еден политички процес и така треба да се води и оваа седница и процесот на носење на деловникот.

Според тоа, целата ситуација, целата состојба во Собранието, во дијалогот меѓу партиите, воопшто во политичката свест зборува дека во овој момент не сме подготвени за овој деловник.

Со други зборови, уште еднаш ве замолувам да не дојдеме во ситуација да крахира оваа седница со овој деловник, да се повлече од дневен ред или да се прекине оваа седница додека не се обезбедат елементи што ќе сугерираат и што ќе генерираат успех на ваква седница што треба да

донесе деловник што ќе биде, сепак, нешто што ќе биде производ што може да гарантира дека ние нормално ќе работиме.

Да повторам, предлагам или да ја прекинете или едноставно да се повлече оваа седница од дневен ред.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ви благодарам на советите, но вие не изнесовте ниту еден процедурален пропуст.

Според тоа, одиме понатаму. Но, но морам овде да кажам урби ет орби дека на координацијата постигнавме еден договор што е овде повеќекатно пробиен, меѓу другото, меѓу другото и заради објективни причини некои пратеници кои не членуваат во пратенички групи со статус на пратеничка група имаат право како господинот Оровчанец, господинот Вејсели, господинот Хасипи Кенан, имаат право на процедурални забелешки.

Затоа, свикувам уште еднаш 5 минути консултација, координација на пратеничките групи за да се договориме за понатамошниот тек на седницата.

15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи во 13,00 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза за ручек до 15,00 часот

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,08 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата продолжуваме со седницата.

Ги молам пратениците да ги завземат своите места да ми дозволат да продолжиме со седницата.

Пред да започнеме со редовниот тек на седницата според дневниот ред, би сакал да ви обрнам внимание на следното нешто: со оглед на текот на оваа седница вчера и денес, со оглед на сознанијата кои јас лично ги добив, од тоа како течеше седницата вчера и денес, како и со оглед на ефикасноста на нашата работа го предлагам следното:

Прво, утре да работиме по 56-та седница, наместо по оваа.

Второ, денес да ја завршиме седницава со материјална расправа, што значи крајно е време да ги сведеме процедуралните интервенции на минимум. Мислам дека и јавноста и цело Собрание би благодариле на оние што ќе се воздржат од понатамошни интервенции, а овие што се веќе пријавени на дисплејот, јас навистина немам право да не им дадам збор по процедурата. Но, уште еднаш замолувам таа процедурална расправа да не трае до бескрај, за да можеме малку да се впуштиме во материјална расправа, што не е ништо страшно. Јас само ви се обраќам, што не е предлог. Просто, некои сознанија ги делиме од овде, не само мои претполагам. Сите бевме сведоци на вчерашната и на денешната седница. Сеедно, јавноста си е јавност, ние ќе си ја оставиме. Сакам да кажам дека на тој начин да излеземе од оваа непотребна напната ситуација и да продолжиме да работиме, зашто имаме многу работа, не чека ребаланс на Буџетот.

(Реакции од место)

Да не го враќаме тоа. Беа шансите, пропуштени се. Јас говорам сега профутуро, просто, конструктивно да продолжиме со седницата, затоа што тоа ни е работа, затоа сме избрани и наше е да најдеме некаков модус вивенди. Мислам дека овој модус што го предлагам, не е лош. Ете тоа е.

Повелете. Сега да продолжиме со седницата и да им дадеме збор на господата кои имаат право се разбира, за процедурални интервенции. Се разбира процедуралните интервенции да бидат молам, процедурални.

Сега е можеби момент со овој предлог да се затвори листата, ако сите се согласуваме.

(Реакции од место)

Не, не, по договор говорам јас. Ако не се согласувате, молам. Нема, нема, ако не се согласувате, ништо. Готово. Не, не, не, готово, готово. Готово, готово.

Збор има, процедурална интервенција, господин Вејсели Абдулади. Тишина да се слушаме. Повелете. Имате три минути, држете до дневниот ред ве молам и стрикно до процедурата.

**Абдулади Вејсели:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Јас не знам по кој член, ама ќе ми помогне господинот Јани Макрадули.

(Реакции од место)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, држете се до процедурата.

**Абдулади Вејсели:** Тоа ќе ми помогне, бидејќи го немам Деловникот со себе да ми помогне, да ми каже во кој Деловник.

(Реакции од место)

Добро, продолжувам понатаму.

По неколку члена од Деловникот имам. Не знам може некој друг ќе ми помогне во тоа Бадинтерови закони. Добро. Јас тука излегов да ви кажам дека не е добро, сите пратеници што сме тука да не го одржуваме зборот што го даваме јавно и пред внатрешната јавност и пред меѓународната јавност, а ова посебно го кажувам и им честитам на членовите и на пратениците од СДСМ, што успеаја да ја наметнат својата долгогодишна политика во овие поминати години.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам придржувајте се ...

**Абдулади Вејсели:** Не преку своите пратеници, не преку ...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам, тишина.

**Абдулади Вејсели:** Не преку своите пратеници.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Вејсели воздржувајте се од политички ...

**Абдулади Вејсели:** Не преку ...

(Реакции од место)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, немојте да реагирате, оставете ме да си ја вршам работата. Јас реагирам. Јас реагирам.

**Абдулади Вејсели:** Чекајте да ви кажам. Во џеб сум зел лексилиуми, ако ви требаат на некои, нека се смират малку.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ова е прва дигресија на господинот Вејсели. Повелете.

**Абдулади Вејсели:** Може ли да продолжиме, бидејќи навистина треба да бидеме рационални. Јас мислам дека имам да кажам многу нешта на кои треба вие после да одговорите.

Значи ...

**Љубиша Георгиевски:** Господине Вејсели, само еден момент.

Господа од СДСМ дозволете ми да му го одземам зборот на господинот Вејсели, бидејќи сметам за потребно. Вие не ми дозволувате.

**Абдулади Вејсели:** Ама уште не сум кажал по кој член.

**Љубиша Георгиевски:** Вие сакате да му го одземете, што не е во ред. Јас ќе му го одземам.

Ајде повелете. Имате една дигресија.

**Абдулади Вејсели:** Господине координатор на СДСМ. Дај дозвола да работиме.

(Реакции од место)

Сега знам дека ви е тешко, не ви е партнерот тука, ама ќе останете малку сами. Што да правам сега. Не е ДУИ тука, што да правиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Само да кажам две реченици.

**Љубиша Георгиевски:** Ајде завршете.

**Абдулади Вејсели:** Јас мислам дека ќе дозволат, ќе бидат пристојни.

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете уште две реченици.

**Абдулади Вејсели:** По член 46. Има ли некој член 46? 46 закони. Вака, тогаш ако не на македонски ќе продолжам на албански и можеби подобро ќе ме сфатите.

Почитувани, мене сосема ми е јасно дека вие од СДСМ сте сами, без вашиот партнер Демократската унија за интеграција, од причина што вие тајните договори ги имате позади грбот на вашето гласачко тело и македонско и албанско, тие договори кои сте ги имале Македонија да ја ставите во заложништво за членство на Европската унија и НАТО, за да ги попречите за нивната перспектива во иднина, за да се донесат два разни закони кои очекуваат.

**Љубиша Георгиевски:** Втора дигресија.

**Абдулади Вејсели:** Добро, почитувани уште еднаш, јас знам дека вие мислите дека лесно ќе ви биде, лесно ќе ви биде да ги убедите вашите стратешки партнери Демократската унија за интеграција и вие мислите дека денеска ќе бидете клучната пречка за да се развиваат работите и да ги реализирате нашите проекти во Парламентот. Но, овде во Парламентот денеска имате пречка. Овде се ПДП и ДПА, а јас нема да дозволам да играте со судбината на Албанците во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Истече времето, ви благодарам. Истече времето благодарам, благодарам, благодарам.

Господине Вејсели благодарам.

Исклучете го.

Господине Хасипи, повелете вашите три минути.

Дозволете. Немојте навистина ..

(Реакции од место)

Повелете господине Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Дајте да го слушнеме колегата ви се молам.

Повелете господине Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, говорете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам.

Господине претседателе во текот на вчерашниот ден и при денешната расправа, испливаа неколку прашања, кои што станаа предмет на процедурални настапи на оваа говорница. Дали беше во прашање употребата на јазикот, што е регулирано во Деловникот, дали листата на закони што ќе се гласаат со Бадинтер, или дали Деловникот ќе се гласа по принципот на двојно мнозинство, сетоа тоа се прашања кои што се во директна надлежност на Комитетот за односи меѓу заедниците. Сметам дека е целисходно, пред да продолжи парламентарната расправа во Предлог деловникот, да се свика Комитетот за односи меѓу заедниците, да се расправаат овие прашања, Комитетот да излезе со свое мислење, предлози и сугестии и дури потоа да се оди на парламентарна дебата. Тоа е нормален сплет на настаните. Се друго е губење на време.

Затоа предлагам, пред да продолжи парламентарната дебата по Предлог деловникот, да се свика Комитетот за односи меѓу заедниците, да се расправаат овие прашања и дури потоа да се продолжи со парламентарната дебата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, тоа прашање мислам дека е решено. Јас објавив на почетокот на оваа седница дека во текот на расправата ќе се произнесе. Деловнички е така. Деловнички е така. Благодарам.

Збор има господин Никола Поповски, повелете.

(Реакции од место)

Ве молам нема една секунда да помине, а да не го кршите Правилникот, Деловникот, Уставот, што сакате. Основното правило на работата на овој Парламент е никој да не земе збор додека не му е даден.

**Јани Макрадули:** Ние го браниме Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Поповски е на ред да зборува.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе говорите ли? Ајде.

**Никола Поповски:** Не му броите сега на Никола.

Јас чекам да се создадат услови да се зборува, меѓутоа, гледам дека тука е невозможно.

Господине претседателе, сакам на оваа деловничка интервенција да укажам на две работи. И пред тоа, дозволете да го искажам мојот став кој е непроменет и не можам да го променам лично, а тоа е дека демократијата е базирана на два принципи: на процедура која е утврдена и на заштита на оние кои се малцинство од повреда на процедурата врз нивни грб.

Сметам дека во овој Парламент работите се одвиваат во обратна насока, односно дека процедурата не постои. Со тоа се повредува демократското право и дека во заштита на оние кои се во малцинство се повредува Деловникот.

Имено, во таа насока сакам деловнички да интервенирам.

**Љубиша Георгиевски:** Дајте го членот. Воведот беше во ред. Кажете член.

**Никола Поповски:** Во таа насока сакам деловнички да интервенирам на членовите 83 и 166, со оглед на сите овие прекинувања, ако триесетина секунди излезам, ве молам да ми одобрите.

Членот 83 од Деловникот кажува дека на барање на пратеник или десет пратеници на почетокот на претресот по одделно прашање, Собранието може да одлучи пратеникот да зборува само еднаш, во траење од десет минути. Вие донесовте како претседател одлука дека тоа се случува пред официјално да го отворите претресот по одделно прашање. А тоа е по точка еден од дневниот ред и со тоа го повредивте Деловникот, без разлика што вие ги игнорирате нашите укажувања дека е тоа така, односно не давате одговор на нашите деловнички забелешки, кои гласаат: да ни одговорите дали го отворивте претресот и после дозволивте да се ограничи дискусијата, или тоа го направивте пред да се отвори претресот. Ако сте го направиле тоа, пред да го отворите претресот, по што јас сум длабоко уверен, затоа што и стенограмите тоа го кажуваат од вчера, вие сте го прекршиле Деловникот.

И членот 166, на кој исто така сакам да дадам деловничка забелешка, пишува дека амандмани по предлог на дневен ред, се поднесуваат најдоцна 5 дена пред денот определен за одржување на седницата.

Јас и многу мои колеги, не само јас, Деловникот го добивме во овој понеделник, го добивме со дневен ред како материјал во овој понеделник, зборувам за минатиот понеделник, под услов амандманите со право да се поднесат до среда. Значи, за текст добиен на 9 јули ни дадовте рок дека можеме да поднесеме амандмани заклучно со 11 јули, односно само два дена. Исто така, сметам дека тоа е повреда на Деловникот, затоа што вие сте должни да ни обезбедите 5 дена за поднесување на амандмани. Се додека во Парламентот се случуваат одделни исклучоци врз основа на кои сакате што побрзо нешто да се случи, сметам дека се нарушува деловничката процедура и за тоа впрочем земав збор.

**Љубиша Георгиевски:** По однос на член 83 во Деловникот пишува: на почетокот. Не пишува: штом ќе започне, ниту пишува, пред да започне. Деловникот е крајно непрецизен не само тука, туку на многу места. Имено, затоа јас сум на страната на оние пратеници кои бараат итна промена.

Што се однесува до времето, тоа секретарот ќе ви каже.

На член 166, тука не знам колку сте во право, тоа ќе го провериме.

Господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници,

Јас не знам колку непријатните информации од посетата на премиерот на Владата во Брисел доаѓаат...

**Љубиша Георгиевски:** Тоа не. Тоа ви е прва дигресија. Се извинувам господине Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** За жал, ќе почекаме веројатно трета среќа за да господинот Оли Рен излезе на прес-конференција со господинот Груевски и наместо ...

Ќе дојдам до процедурата.

**Љубиша Георгиевски:** Дојдете побрзо господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** И наместо да наоѓате пратеници кои не членуваат во некоја политичка партија за да провоцираат овде, а не да започнуваме, не би ме зачудило денес да се случи и некое спектакуларно апсење, бидејќи гледам Влатко Ѓорчев го нема.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам господине Макрадули, најенергично ги земам во заштита пратениците кои вие ги нарекувате: не се членови на ниедна партија. Тоа е дискриминација. Секој пратеник е рамноправен со сите други.

**Јани Макрадули:** Не е фер, значи, е на некоја политичка партија, а што ја има во два субјекти.

**Љубиша Георгиевски:** Не е важно. секоја политичка партија е легитимна ако е регистрирана и ако има во Парламентот пратеници. Ве молам, тука да не правиме таква дискриминација, не е фер. И морам да ги заштитам колегите од такви напади.

Повелете, продолжете.

**Јани Макрадули:** Значи, заради обвинувањата кон СДСМ кои што вие како претседавач не ги спречивте, во име на пратеничката група барам еден час пауза, за да видиме како ќе продолжиме понатаму.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза од еден час.

(Пауза од 15,33 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,53 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со расправата.

Продолжуваме со седницата.

Со оглед на денешниот договор што го направивмена координацијата и на кој беше договорено само уште двајца членови на опозицијата да земат збор, во смисла на процедурални интервенции, кој не се држеше, со оглед на тоа што цел ден трошиме пари на македонските даночни обврзници во процедурални расправи, со оглед на тоа дека барем сега на крајот на седницата треба конечно да оставиме и некој плод од оваа седница, имам намера да ја затворам листата на процедурални интервенции со овие пријавени овде кои се, со овие кои сега растат...

(Реакции во салата од пратеникот Борис Кондарко).

Јас не ве прашав за мислење.

Продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

(Реакции во салата од пратениците од СДСМ).

**Љубиша Георгиевски:** Немојте да ми се заканувате, ве молам. Немојте да ми се заканувате, не е во ред, не е цивилизирано. Јас воопшто не сум ви се заканил.

Ве молам, госпоѓа Весна Бендевска, земете збор, повелете.

(И понатаму пратениците од СДСМ и пратеникот Кондарко реагираат во салата).

Ве молам да и дадеме да говори госпоѓа Бендевска.

Дозволете, немојте да ми се заканувате. Ве молам немојте да ми се заканувате.

Повелете госпоѓа Бендевска, говорете.

(Пратеникот Борис Кондарко доаѓа пред говорницата, пред претседателот).

Ве молам одете си на место. Немате збор. Тука сте вие на листата за збор. Ќе добиете збор.

Повелете госпоѓо Бендевска имате збор.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе,

Се надевам дека ќе ми овозможите пристојни услови за работа. Во поглед додека ја давам својата процедурална забелешка.

(И понатаму бурно реагираат пратениците на СДСМ).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам, за услови за работа.

Повелете госпоѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе,

Мојата процедурална заблешка е упатена токму кон вас, односно на начинот на кој успеавте, претпоставувам да изрежирате контролиран хаос кој веќе ви бега од контрола.

Значи, мојата процедурална заблешка ја базирам на член 56, согласно која вие господине Георгиевски сте надлежен да ги свикувате и да претседавате со седниците на Собранието, но согласно алинеа 4 се грижите и да ги усогласите активностите на Собранието, со претседателот на Републиката и со Владата.

Да потсетам, согласно овој Деловник, членот 218 вели дека токму Собранието е органот кој врши политички надзор и контрола на Владата.

Бидејќи на дневен ред на оваа седница е донесување на нов Деловник за работа на Собранието, а очигледно е дека сме на добар пат да донесеме Деловник со фабрична мана, Деловник над кој ќе стои сенката на тајниот договор помеѓу ...

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е веќе материјална расправа.

**Весна Бендевска:** ...Помеѓу Груевски и Ахмети.

Јас ве молам за еднаков аршин кога говорат пратеници од опозиција и од позиција, ве молам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, говорете по процедуралните прашања.

**Весна Бендевска:** Значи, не можеме да дозволиме да дебатираме околу Деловник на кој како предалгач се потпишал господинот Трајко Вељановски, но јасно е дека денес вистинските предлагачи не се во салата. Тука го нема господиниот Груевски, а го нема и пртеникот Ахмети. Предлагачите на овој Деловник се должни да објаснат што договориле на тајната средба во Клубот на пратеници за да можеме да дебатираме дали постои реална потреба да се донесе нов Деловник кој ќе претставува алиби на господинот Груевски кога на таен состанок ги ставил националните интереси...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам држете се до процедурата. Ова ви е втора дигресија.

**Весна Бендевска:** Господине Георгиевски се надевам дека ќе го вложите сиот ваш демократски капацитет и дигнитет на претседател, не да го повикате, да му наложите на господинот Груевски да дојде и од оваа говорница да ни ја објасни потребата заради тоа што ова Собрание два дена е непродуктивно. Носиме ли Деловник кој треба да ја уреди ефикасноста на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, ви помина времето. Благодарам, помина времето, госпоѓо. Три минути е процедурална интервенција. Не можам да ви дадам повеќе и да сакам.

Господин Никола Ќуркчиев, повелете вашите три минути.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Најмалку имав намера да се јавам за дискусија по процедурални прашања, меѓутоа втор ден веќе работите не одат како што треба. Сите 120 пратеници што ја следат оваа седница се свесни за тоа.

Почитуван претседателе, ќе ми дозволите ако некоја секунда бидам подолг, меѓутоа се надевам дека ќе направите се да се смири Собранието, да ги смирите пратениците и да преземете се да не се срамиме утре сите од она што гледаме дека е можно да се случи.

Немам намера никого да критикувам, ниту од ДУИ, ниту од ДПА, ниту пак било кој друг пратеник, меѓутоа почитуван претседателе дозволивте, се надевам случајно, еден пратеник да се обиде да испровоцира нешто што не доликува да се случи во овој Парламентарен дом, да биде инструмент за исполнување односно можеби задскривање на нечија голема, можеби неповторлива грешка. Тоа беше пример, еклатантен пример за тоа како може на еден лицемерен, на еден подол или брутално, би рекол, начин, во лице да се каже како може со еден удар да се убие демократијата во Република Македонија и во исто време и нејзиното уставно уредување.

**Љубиша Георгиевски:** Не знам на што се однесува тоа. Појаснете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, во членот 76 од Деловникот, погледајте го, стои дека вие можете да преземете нешто. Да не беше така, тој почитуван пратеник, најмалку очекував дека тој таков настап ќе има, ќе продолжеше да зборува на македонски јазик, барајќи, можеби, алиби за нешто.

Дали некој има храброст или доблест, прашувам јавно од оваа говорница, да излезе пред сите нас, било кој и да ни каже што е тоа што се случува со тој таен договор.

Почитуван претседателе, очекувавме да добиеме некоја верзија на овој договор, на Деловник кој ќе наликуваше на Бундестагот, меѓутоа во него се изгубени интересите на Република Македонија. Најстрашната работа што можеше да и се случи на една парламентарна демократија, како што е нашава, е да се ограничи степенот на зборување, особено на опозицијата. Немањето на слобода на говор...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Ви помина времето господине Ќуркчиев, жал ми е.

Завршете ја реченицата. Повелете.

(Пратеници од позицијата дофлруваат од место).

**Никола Ќуркчиев:** Добив дозвола од претседателот да ја завршам реченицата, но можам да ве сослушам, продолжете и понатаму. Ако ви е тоа сценариото, ние ќе го дозволиме тоа. Меѓутоа, не очекував, ситуацијата е многу сериозна, многу посериозна, застрашувачка и страшна. Меѓутоа, не очекував да некој го дозволи ова што во своето име на партијата го има префиксот демократска, па дури и национална.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Ќиркчиев.

Јас во одговор на вашата интервенција би сакал да истакнам дека од интервенцијата остана она моја грижа за што сум ви благодарен. Како што сите денес видоа, јас покажав исклучителна грижа за постигнување договор меѓу противничките страни во Парламентот и еднаш дури постигнавме договор, но за жал тој договор не се почитуваше и не се почитуваше токму од онаа страна која критикува за хаос. Според тоа, јас уште еднаш ви благодарам. Јас ако денес имам некоја грешка, има грешка во тоа што бев премногу пермисивен, а не бев репресивен. Според тоа, збор има госпоѓа Славица Грковска.

Повелете, вашите три минути.

**Славица Грковска:** Се разбира процедурално.

Почитуван претседателе, има сериозна забелешка до вас заради тоа што сметам дека за различни пратеници, во зависност од тоа на која политичка партија припаѓаат, во Собранието на Република Македонија различно го толкувате и го применувате Деловникот. Имате еден аршин за пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и на ДПА, друг аршин, сосема друг аршин имате за пратениците на СДСМ, сосема трет аршин имате за пратениците на ДУИ.

Пред малку еден пратеник кој е претставник на една политичка партија, приврзок еднаш на ДУИ еднаш на ДПА, се повика на членот 46 од Деловникот, кога се обиде процедурално да реагира до вас.

Членот 46 од Деловникот вели: "претресот по интерпелацијата завршува со заклучок во кој се изнесува ставот на Собранието во врска со наводите во интерпелацијата".

Вие имавте обврска, без раслика дали вие или генералниот секретар, да му го одземете зборот на пратеникот, како што ми го одземавте мене вчера, заради тоа што се повикува на член од Деловникот кој воопшто не е во согласност што тоа тој го говореше на оваа говорница. Меѓутоа, вие имавте храброст вчера да ми го исклучите микрофонот мене, заради тоа што процедурално реагирав и тоа со основа, заради тоа што се повикав на истата процедура на која се повика господинот Груевски во претходнот мандат кога тврдеше дека е иритирачко однесувањето на парламентарното мнозинство и не законско, неделовничко и спротивно на Уставот, да ни ги органичувате дискусиите, воопшто да не зборуваме. Тоа се зборовите на господинот Груевски. Меѓутоа, вас, бидејќи не ви одговараше тоа да го слушнете вчера, а бидејќи беше согласно Деловникот и по однос на истиот член на кој господинот Груевски реагирал тогаш, вие мене ми го одземавте зборот, а денес кога пратеник од парламентарното мнозинство се повикуваше на член 46 кој зборува за интерпелација и немаше никаква врска со тоа што го говореше процедурално во неговата забелешка, вие му дозволивте да зборува и не му го одзедовте зборот. Затоа, ве молам, ако сакате навистина да бидете претседател на Собранието, како што доликува на вашата функција, да престанете со раслична примена на Деловникот во зависност од тоа за кои пратеници и од кои пратенички групи станува збор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Мојот одговор на оваа процедурална условно интервенција е следниот, лесно е да се говори паушално за различити аршини. Тоа е лесно, меѓутоа, од денешната седница одзедов збор само на еден пратеник и тоа е на Абдуљади Вејсели. Тука е службеникот кој знае.

Второ, на вашите пратеници секој кој ме замоли повеќе дваесет или 25 секунди напротив му дадов повеќе време да говори, тука сте и живи сте.

Повелете, госпоѓа Илинка Митрева, вашите три минути.

**Илинка Митрева:** Благодарам господине претседателе.

Се јавувам по член 56 од деловникот за работа на Собранието и сакам да го поставам следово прашање. Начинот на водењето на седниците во овие два дена, атмосферата што се создава во Собранието, отсуството на услови за разборито работење, основано ме поттикнува да ви го поставам следното прашање.

Дали вие господине претседателе, дали претседателот на вашата партија Никола Груевски, дали пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ навистина сака да се донесе парламентарниот деловник. Тоа е прашање кое што легитимно го поставувам, бидејќи два дена сме сведоци на сопки и на необезбедување на услови.

Јас ве молам, господине претседателе да се издигнете над сомнителните интереси на вашата партија и со полн капацитет да го завршите и вршите вашиот мандат на прв меѓуеднаквите, да имате слух за тоа дека опозицијата бара да се отвори дебата за претпоставките за донесувањето на деловникот, а не расправа по деловникот, туку за претпоставките, што значи присуство на премиерот Груевски на седницата на која што ќе се разговара за договорот.

Инаку, господине Георгиевски морам јавно и со жалење да го искажам своето чувство дека е загрозено достоинството на пратеникот на македонскиот парламент, а со тоа и судбината на демократијата. Ако ова се случува во највисокиот законодавен дом, што остана за достоинството на македонскиот човек и за судбината на демократијата во нашето општество.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ви благодарам што ми го поставивте прашањето, тоа е процедурално и е фундаментално. Можам да ви кажам дека еден од најдискутираните проекти на ова Собрание од постоењето на современа Македонија е имено Деловникот. Тој се дискутираше во многу фази, во многу групи, тука имавме и странци, еве господата се исто од НБИ цело време вчера и денес на галерија, кои имаат свои предлози итн., ниту еден проект во Македонија не е толку опширно и толку долго усогласуван.

Што се однесува до мојата грижа околу тоа само денес закажав три координации. Ние мора да сме свесни сите дека Собранието работи по претходен договор и имавме договор. Инаку, навистина јас не можам да направам порелевантен напор да го заштитам вашето достоинство ако вие не си го заштитувате. Јас не можам да ве заменам вас, говорам за сите пратеници, не само за едни, навистина без никаква дискриминација, ако вие, јас не можам да ве заштитам од вас самите. Како да ве заштитам кога групно 15 души викате одеднаш, како да е ова не знам што. Како да ве заштитам кога кој како сака, според мерката на сопственото безобразие, зема збор, без да го добие зборот. А, тоа е основно. . . (Реакција од страна на пратениците). Значи, не можете и тоа е тоа.

Госпоѓо Митрева, мојот одговор цели до вас.

Одиме понатаму.

Госпоѓа Верица Филипова, повелете, кажете по кој член ќе зборувате.

**Верица Филипова:** Почитуван господин претседател на Парламентот.

Јас би сакала во мојата процедурална забелешка да говорам без безобразие, како што вие рековте, туку конкретно процедурално по она што се случува денес во македонскиот парламент. Сведоци сме повторно за едно предавништво пред очите на македонската јавност, да кажам по четврти, по петти, по шести пат, во македонската историја од едни исти групи. Македонската јавност е сведок, ќе цени, и ќе процеднува што се случува.

**Љубиша Георгиевски:** Сега, кажете по кој член ќе зборувате, а тоа е воведно.

**Верица Филипова:** По членот 143 став 2 кој гласи: “Ако предлогот за донесување на закон содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлагачот ќе го разгледа и работното тело во чиј делокруг спаѓаат прашањата на Буџетот, финансиите во поглед на влијанието на овие одредби врз средствата со кои се располага и на можните извори за финансирање на предложените решенија.

Во предлогот за нов деловник е предвидено да се воведе целосна дигитализација на законодавната постапка и да се воведе големо Е-парламент. Тоа изискува големи финансиски средства. Да, токму така, до колку не знаете што сте напишале, господа предлагачи Трајко Вељаноски и останати јас ви прочитав.

Понатаму, во член 14 пишува дека работните тела разгледуваат предлози за донесување на закони, нацрти на закони, предлози на закони и предлози на прописи и други општи акти што ги донесува Собранието, како и други прашања од надлежност на Собранието и вршат други работи утврдени со овој Деловник”. Бидејќи, воведувањето на овој деловник изискува средства од Буџетот, предлагам Комисијата за финансирање и буџет да се свика, да се состане и разгледа дали вака како што сте, господа предлагачи, предложиле може да делува и да работи ова Собрание. Поради тоа, господин претседателе, барам поддршка од 10 пратеници,

мојот предлог да го ставите на гласање односно да се свика Комисијата.

Почитуван претседателе, како што на пратеникот Вејсели му дадовте подолго време да дискутира, барам и мене да ми дозволите за 30-тина секунди да се доискажам. Барам поддршка од 10 пратеници да го ставите мојот предлог на гласање односно да се свика Комисијата за финансирање и буџет и да го разгледа ова што е овде предложено.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Мислам дека сите добро знаеме зошто таа Комисија работи и како работи и според тоа, тоа не може.

Господин Борис Кондарко, повелете, вашите три минути.

(Госпоѓа Верица Филипова дојде на говорницата)

**Верица Филипова:** Подршка од десет пратеници барам за мојот предлог.

(И Борис Кондарко е на говорницата)

**Љубиша Георгиевски:** Добро, предлогот на госпоѓа Филипова и на господин Борис Кондарко, го ставам на гласање.

Има поддршка од 10 пратеници.

Предлогот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 43 пратеници, за гласале 10, воздржани нема, против 33.

Според тоа, предлогот не помине.

Дајте го дисплејот.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата, да не рече опозицијата дека има двоен аршин.

Ги молам пратениците да влезат во салата, затоа што веднаш минуваме на гласање.

Уште еднаш ги повикувам службите да утврдат точен број на пратеници.

Бидејќи претходното гласање беше невалидно заради неустановен број на пратеници во моментот на гласањето, сега имаме кворум, ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника гласале 59 од кои за гласале 17, воздржани нема, против 42 пратеника.

Според тоа, констатирам дека предлогот не помина.

Дајте ми дисплеј.

Оливер Спасовски, повелете.

Се извинувам, предлагачот побара збор, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе,

Гледаме два дена во кои опозицијата сака да создаде хаос во Собранието. Хаосот вие го правевте господа од опозицијата (реакција од страна на опозицијата). Легитимно право е на секој пратеник да поднесе предлог на закон, предлог за деловник. Јас тоа право го искористив пред 6 месеци. Расправаме, дебатираме, 6 дена и се даде на опозицијата да дебатира, се виде дека вие непрестаното зборување, јавување повеќе пати, ја опструирате работата на Собранието.

Откако на вчерашниот ден се изгласа дневниот ред, вие ги злоупотребувате процедуралните пријавувања во кои непрестано за едно исто прашање давате предлози да се гласа.

Вчера имаше доста процедурални, денеска цел ден го поминавме во процедурални.

Членот 85 говори за повреда или неправилна примена на Деловникот. Па, вие денеска цел ден зборувавте. Значи, вие го повредувате Деловникот, се пријавувате за процедурални. Тука се гледа опструкција од ваша страна. Не знам што е проблемот, овде некој кажа предавство. Предавство е да се поднесе предлог за нов деловник? Вие тоа го сметате за предавство? Тоа е мое легитимно право да го поднесам.

По однос на одредени работи кои вие вчера баравте да се внесат како точка на дневен ред да расправа за одредени теми кои вие ги сметате дека се договор, Собранието легитимно одлучи дека не треба да се внесе како точка на дневен ред.

(Реакција од пратениците од опозиција)

До колку бевте загрижени господа, вие од опозицијата, бевте повикувани три, четири пати и сега јавно ве повикуваме, ве повикуваме да дојдете и да учествувате, не сте воајери, но можете вие да учествувате и да дадете свој придонес, до колку сте загрижени за Република Македонија.

Не може вашето неучество и со тоа да создавате хаос со тоа што ќе ја опструирате работата на Собранието на Република Македонија. Дали на тој начин ќе придонесете за Република Македонија за одредени евроинтеграциски процеси кои треба да се случат.

До колку имате искрена желба требаше да учествувате и јавно ве повикувам да учествувате и за Деловникот и за други работи кои беа предмет на расправа.

Со оглед на ситуацијата која вие ја создадовте овде, барам како заменик координатор на пратеничката група, еден час пауза.

(Реакција од страна на пратениците, еден час пауза го пречекорува работното време).

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пауза еден час односно до 18,00 часот.

(Пак реакција од пратениците, тие бараат тука да се прекине седницата).

Да, и што сега? Вие едвај дочекавте да се заврши. Епа утре ќе продолжиме.

Утре продолжуваме во 11,00 часот, ќе ви биде соопштено, нема бегање од ова.

(Седницата прекина со работа во 17,20 часот)